ЛОТРИЧ МЕТРОЛОГИЈА ДОО, М. Тито 274, 1440 Неготино, Македонија
**Т**:+389 70 218 270, **E**: info@lotric.mk, **W**: www.lotric.mk
**ЕДБ**: MK4080011518956

# ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ

Општите Правила и Услови се однесуваат на сите работни области на компанијата Лотрич Метрологија (во понатамошниот текст Лотрич) каде е вклучена другата страна - клиентот.
Општите Правила и Услови се интегрален дел понудите и договорите склучени помеѓу клинетот и Лотрич. Со воспоставување во легална деловна врска со фирмата (воспоставување на легална деловна врска се смета кога се прифаќа понудата, потврдување на нарачката, прифаќање и/или потврдување на профакутурата, склучување на договор или согласност) се смета дека клиентот експлицитно се согласува со Општите Правила и Услови за работа. Клиентот исто така експлицитно потврдува дека сите легални врски помеѓу него и Лотрич се исклучиво предмет на договорот и Општите Правила и Услови или други општи правила и услови.
Општите Правила и Услови се однесуваат на сите легални деловни врски помеѓу клиентот и Лотрич, освен кога нивната не примена е експлицитно усогласена и напишана во договорот.
Општите Правила и Услови се објавени на веб страната на Лотрич (www.lotric.si/mk) и можат да се најдат во седиштето на Лотрич: Ул. Маршал Тито бр.274 Неготино.
Клиентот се потсетува на Општите Правила и Услови преку текстот во самиот договорот. Ова значи дека клиентот е запознат со Општите Правила и Услови и со склучување на договорот изјавува дека ги има прочитано Општите Правила и Услови и целосно се согласува со нив. Непознавањето на Општите Правила и Услови не може да биде предмет на жалба и/или рекламација.

## I. ПОДРАЧЈЕ НА ВАЖНОСТ

Општите Правила и Услови ги определуваат правата и обврските на двете договорени страни, клиентот и Лотрич, и го определува начинот, содржината и условите за работа и се составен дел на секој договор, понуда или нарачка.
Општите Правила и Услови може да бидат променети во текот на нивната важност и да влезат во сила на денот на нивното објавување на веб страната на Лотрич. Изменетите Општи Правила и Услови се валидни на денот на нивното издавање или објавување на веб страната на Лотрич. Општите Правила и Услови се дел од правилникот за квалитет на Лотрич.

## II. ЦЕНИ И ТРОШОЦИ

На клиентот му се наплаќа услугата и/или испорачаниот производ и трошоците направени во врска со услугата/производот.
Цената на извршената услуга /производ се одредува врз основа на :

- Цена на услугата/производот според важечкиот ценовник, односно договорената цена на услугата/производот.
- времето потрошено за услугата/производот со вклучен час по цена според ценовникот, односно договорената цена за час..

Горенаведените ставки вклучуваат ДДВ, патување, транспорт и други трошоци кои не се директно поврзани со услугата/производот.

## III. НЕПРЕДВИДЕНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ РАБОТИ И ПОВТОРУВАЊА

Во случај на непредвидени дополнителни работи или во случај на повторување на услугата/производот или дел од услугата/производот што произлегува од карактеристиките на предметот на услугат /производот, цената се дефинира врз основа на писмен или устен договор кој е склучен со клиентот (непредвидени дополнителни работи)

ЛОТРИЧ МЕТРОЛОГИЈА ДОО, М. Тито 274, 1440 Неготино, Македонија
**T**:+389 70 218 270, **E**: info@lotric.mk, **W**: www.lotric.mk
**ЕДБ**: MK4080011518956

## IV. ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА И ПРЕСМЕТКА

Лотрич се обврзува на понудата или профактурата за рокот назначен на самата понуда или профактурата. Ако нема назначено краен рок тогаш валидноста на понудата и профактурата е 30 дена.

## V. ПОЧЕТОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Нарачката се прифаќа тогаш кога клиентот се согласува во писмена или усна форма со извршување на услугата/производот, или ако клиентот е согласен со извршување на услугата/производот од други околности. ЛОТРИЧ, потоа, во најкус можен рок, го информира клиентот за можноста за вршење на услугата/производот.

## VI. ПРЕКИН ИЛИ ОДБИВАЊЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Во случај на раскинување или одбивање од страна на клиентот, истиот е должен да ги плати трошоците за извршените работи до моментот на откажување, како и други трошкови кои произлегуваат директно или индиректно од откажување на нарачката.

## VII. ИЗВОДЛИВОСТ НА НАРАЧКАТА

Ако, поради карактеристиките на предметот за калибрација, не е можно целосно да се изврши нарачката, клиентот е должен да ги плати трошковите за веќе извршените работи. Истото важи и за производите.

## VIII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Клиентот има право да го раскине договорот во било кога, но мора да ги сноси сите трошкови настанати во работниот процес, како и штетите што ќе се појават поради неисполнување на планираните работи во периодот до истекот на рокот на договорот.

## IX. КОРИСТЕЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Клиентот и трети лица можат да ги користат издадените документи само за целите за кои се издадени. Документите може да се користат само во целост.
Употребата на заштитниот знак и логото на Лотрич не е дозволена без претходна дозвола на Лотрич. Регистрација и/или внесување на податоци во интернет-апликација ЛОТРИЧ е задолжинелна и е наменета исклучиво за правилно спроведување на услуги/производи. Лотрич никогаш нема да посредува, продава, изнајмува или на друг начин тргува со податоците на клиентот, освен со писмена дозвола од сопственикот на податоците.

## X. НЕЗАВИСНОСТ, ЧЕСНОСТ, НЕДИСКРИМИНАЦИЈА, НЕПРИСТРАСНОСТ

Лотрич е организирана на таков начин што овозможува да се одржува и оценува нејзината деловна чесност, непристрасност и независност, и е фокусирана на барањата на легислативата и стандардизација, и барањата на клиентот. Лотрич е независна и финансиски автономна при работа со клиентите и други страни, како што се потврдува со елементите на деловно однесување: менаџмент системот и правилникот за квалитет, ценовникот, работниот капацитет, годишниот план и филозофијата на неговото работење со сите елементи или документи.
Долгорочната соработка со сите страни се основа на филозофијата и стратегијата на Лотрич како што се: вредности, визија, мисија, и етички кодекс. Непристрасноста, независноста и чесноста на фирмата се заложби на највисокото раководство, и со тоа на сите вработени во Лотрич.

Преку непристрасна работа и експертиза на сите вработен, Лотрич ја добива довербата на клиентите, со кои развива партнерство. Лотрич постојано прави проценка на ризик за непристрасност, проверува и анализира сите идентификувани ризици за непристрасност при работењето и, ако е неопходно, предлага мерки за да се спречи да се појави пристрасност на вработените при извршувањето на нивните дневни обврски. Сите клиенти се третираат еднакво ( недискриминирање) и имаат истите права и можности на услугите/производите на Лотрич.

## XI. ДОВЕРЛИВОСТ

ЛОТРИЧ се обврзува дека ќе ги почитува принципите на доверливост на сите податоци добиени при извршувањето на услугата/производот, штити правото на сопственост и доверливоста на сите информации за клиентите и нивните клиенти. Ако предавањето на доверливи податоци за уредот/примерокот/инструментот е побарано со закон тогаш Лотрич е должна да ги предаде доверливите податоци на официјалните институции за супервизија во рамките на овластувањата што им се дадени со закон. .

## XII. ОТВОРЕНОСТ

Лотрич обезбедува отвореност и навремен пристап до релевантни информации на нивните услуги/производи, кои им се достапни на клиентите на нивно барање. Доколку законодавството и/или стандардизацијата бараат отвореност и пристап до информациите за услугите/производите за остатокот од јавноста, Лотрич ќе ги обезбеди тие информации согласно пропишаните или побараните ограничувања

## XIII. ОДГОВОРНОСТ

Лотрич одговара пред клиентот за штета доколку настане како резултат на грешка. Лотрич не превзема одговорност за работа која не е извршена од или не е извршена под надзор на Лотрич, не е одговорна за штетата што настанала доколку решенијата, податоците или изјавите се користат за целта за која не биле издадени. Клиентот мора да го извести Лотрич за грешката при исполнување на нарачката најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот нарачката.
Клиентот може да поднесе приговор за услуга/производ во писмена форма до Лотрич во рок од 15 дена од денот на превземање на производот или извршувањето на услугата. Усните жалби се примаат само во седиштето на раководството на компанијата. Лотрич е должен приговорите и жалбите да ги решава во склад со менаџмент системот во најкраток можен рок и да го извести клиентот за тоа. Ако грешката која се детектира е значајна и е јасно дека не е резултат на постапувањето на клиентот, тогаш клиентот мора да поднесе приговор во рок од 8 дена од детекција на грешката. Лотрич не е должен да ги разгледува и решава приговорите и жалбите по истекот на роковите.

## XIV. ВИША СИЛА

Лотрич не е одговорен за штета предизвикана во околности кои не би можеле да бидат предвидени, спречени, отстранети или избегнати.

## XV. РОК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАРАЧКИ

Крајниот рок за извршување зависи од сложеноста и обемот на нарачката и од расположивиот капацитет на Лотрич. Крајниот рок за исполнување на нарачката е предмет на договор при склучувањето на договорот. Времето за исполнување на налогот се пресметува од моментот кога се исполнети сите услови утврдени од компанијата ЛОТРИЧ за започнување на извршување на нарачката.

ЛОТРИЧ МЕТРОЛОГИЈА ДОО, М. Тито 274, 1440 Неготино, Македонија
**Т**:+389 70 218 270, **Е**: info@lotric.mk, **W**: www.lotric.mk
**ЕДБ**: MK4080011518956

## XVI. ПЛАЌАЊЕ

Клиентот ја плаќа фактурата во рок од 30 дена по завршената услуга или како што е дефинирано во понудата или договорот. Датумот на плаќање е датумот кога парите се пристигнати на трансакциската сметка на  Лотрич. Доколку клиентот не се согласи со износот, тој мора да го плати неспорниот дел од износот во зададениот рок и да ја извести компанијата Лотрич за причините за неплаќање на спорниот дел во писмена форма. Во случај на задоцнето плаќање, Лотрич го задржува правото да ја наплати законската затезна камата. Доколку клиентот не ја плати каматата, Лотрич од платениот износ најпрвин ја покрива каматата, а потоа дел од износот на фактурата.

## XVII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Доколку според договорот, Лотрич прво мора да ја исполни својата обврска, а финансиската состојба на клиентот станува таква што не е сигурно дали клиентот ќе може да ја исполни својата обврска, Лотрич може да побара од клиентот однапред да ја исполни обрската. Доколку клиентот не ја исполни ова обврска во рок од 8 дена од денот на барањето, Лотрич може да го раскине договорот.

## XVIII. СПОРОВИ

Споровите од професионално-техничка природа се решаваат во соработка со одговорен технички персонал на клиентот и компанијата Лотрич. За сите други спорови, кои не можат да се решаваат консензуално, надлежен е основниот судот во Неготино.

## XIX. ГАРАНЦИЈА

Услугите/производите имаат гаранција која е пропишана на гарантна картичка или на фактурата. Ако не е пропишано, гарантниот рок е шест месеци. Гаранцијата е валидна доколку се работи по упатството за употреба и правилното ракување од страна на персоналот. Гаранцијата важи само за делот или деловите што биле дел од услугата/производот што ја наплатил Лотрич. Клиентот може да ја поднесе гаранцијата најдоцна во рок од 8 дена со писмен документ со наведубање на причините за неговото извршување.

## XX. ПРАВНА ПОРАКА

Сите податоци, слики, графици или документи што ги добивате директно или индиректно од компанијата ЛОТРИЧ се заштитени со Законот за авторски права и се забранува репродукција или употреба без претходна писмена дозвола. Трговските марки и логоа на компанијата претставени од ЛОТРИЧ се нивна сопственост.

## XXI. СПЕЦИФИЧНИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ

### Важноста на услугата

Резултатите од мерењето во сертификатот за калибрација или во контролниот извештај го дефинираат статусот на инструментот/примерокот за време на мерењето и не содржат никакви информации за неговото однесување понатаму при негово користење.
Во случај кога инстументот/примерокот има способност да биде прилагоден од страна на клиентот, резултатите од мерењата се валидни само во случај на правилно извршено прилагодување и клиентот мора да биде одговорен за тоа.

Цената на услугата

Цените за калибрацијата не вклучуваат никакви неопходни прилагодувања или сервисирање, освен ако тоа не е однапред специфицирано во понудата или договорот. Во случај кога за време на извршувањето се покаже дека инструментот мора да се прилагоди или поправи, на клиентот му се наплаќа и повторно се калибрира мерилото. Во случај на зголемување на цената се консултира клиентот.

Специфични нарачки

Клиентот може да побара специфична услугата, која може да биде акредитирана и неакредитирана:

- калибрација (резултатот е сертификат за калибрација),

Клиентот мора да ги специфицира големините, параметрите и вредности на кои треба да се спроведи проверката. Во спротивно, врз основа на нашето работно искуство и препораките на произдовителот, Лотрич ќе ја спроведе проверка на начин што изборот на големините, параметрите и нивните вредности ќе биде репрезентативен на целкупната функционалност на инструментот. Доколку тоа не е можно, претходно се врши консултација со клиентот.
Ако клиентот знае или се сомнева дека има дефект или неисправност на инструментот/примерокот, тој е должен да предупреди за време на нарачката, бидејќи ние секогаш пристапуваме кон услугата со претпоставка дека уредот е беспрекорно функционален. Препорачуваме клиентот да изврши барем функционална проверка пред да го донесе инструментот/примерокот.
Ако доколку дефектот е откриен за време на прегледот, треба веднаш да се извести клиентот и да се побараат инструкции за понатамошно постапување. Во случај на договор за сервисирање/поправка, ние го сервисираме мерилото сами или го праќаме во овластениот сервис.

Сигурност

Клиентот е должен да ги испрати инструментите/примероците во таква состојба да тие не се и не можат да бидат опасни по здравјето или животната средина. Мерилата/примероците не смеат да предизвикаат општа опасност за луѓето и животната средина. Доколку тоа не може да се обезбеди, клиентот е должен да го извести Лотрич за потенцијалните опасности и да го упати персоналот за да може безбедно да ги извршува своите постапки. Доколку инструментот/примерокот е подготвен за безбедно работење од страна на трето лице, одговорностите на клиентот се намалуваат. Во овој случај клиентот е должен да добие писмен договор за безбедноста на инструментот/примерокот. Лотрич има право во секое време да ја одбие постапката, ако клиентот не обезбеди исполнување на сите барања за безбедно работење со инструментот/примерокот.

Испорака на мерните инструменти/примероци

Клиентот може да ги достави инструментите во седиштето на фермата лично или преку поштенска услуга. При доставување на мерните инструменти/примероци, клиентот исто така ја доставува и целата достапна придружна техничка документација и целата помошна мерна опрема. До Лотрич, поединечните примероци ги означува со 2D бар код (data matrix code), која служи за интерна употреба во компанијата.

XXII. ИЗМЕНИ

ЛОТРИЧ го задржува правото да ги менува Општите Правила и Услови во секое време. Сите промени се обврзувачки за клиентот ако тие му биле претставени.

ЛОТРИЧ МЕТРОЛОГИЈА ДОО, М. Тито 274, 1440 Неготино, Македонија
**Т**:+389 70 218 270, **E**: info@lotric.mk, **W**: www.lotric.mk
**ЕДБ**: MK4080011518956

## XXIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Прашањата кои не се уредени со Општите Правила и Услови, се предмет на одредбите за важечките прописи.

Зоран Јанев
Директор
ЛОТРИЧ Метрологија ДОО